# <u>Европски Комитет за социјална кохезија</u>

Во рамките на Европскиот Комитет за социјална кохезија континуирано се разгледуваат и дискутираат прашања од сферата на социјалната заштита, детската заштита, социјалната сигурност, ставајќи посебен акцент на најзагрозените категории од населението како невработените млади лица, бездомници, сиромашни лица без приходи, лица со посебни потреби и сл.

Заради заштита на правата на овие најзагрозени категории од населението, во рамките на Комитетот се изготви и усвои и посебен документ Нова стратегија за социјална кохезија во која се содржани фундаменталните обврски за земјите членки на Советот на Европа во поставувањето и развивањето на одделни социјални права и услуги. Врз основа на препораките содржани во оваа Стратегија, земјите членки, вклучително и Република Македонија ја изготвуваат и унапредуваат и својата национална легислатива во оваа област.

Во наредниот период се планира подготовка на ревидиран текст на Стратегијата за социјална кохезија, врз основа на која ќе се изработи и посебен Акционен план за нејзина имплементација.

Донесен е и посебен Акционен план на СЕ за инвалидноста 2006-2015, на чија имплементација ќе се работи во наредниот период.

За повеќе информации, посетете ја интернет страницата на Советот на Европа
http://www.coe.int/t/dg3/socialpolicies/SocialCohesionDev/default_en.asp